# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**10.06.2014 год.** **Бр.XIX**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 19-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 09.06.2014 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на деветнаесеттата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 09.06.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-512/1 од 10.06.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на деветнаесеттата седница, одржана на 09.06.2014 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 18-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.05.2014 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-499/3 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002); член 34, 93 и 94 став 4 од Законот за заштита и спасување (“Сл.весник на Р.М.” бр.36/04; 49/04 и 86/08), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Универзална Единица за заштита и спасување на Општина Крушево**

1.**СЕ ФОРМИРА** Универзална Единица за заштита и спасување на Општина Крушево во следниот состав:

1. Симјан Иваноски-ОУ „Никола Карев“
2. Митко Тирчоски- ОУ „Никола Карев“
3. Љупчо Бонески- ОУ „Никола Карев“
4. Никола Христоски- ОУ „Никола Карев“
5. Михајло Костоски- ОУ „Никола Карев“
6. Благоја Бошкоски-СОУ „Наум Наумовски-Борче„
7. Куртески Тошо-СОУ „Наум Наумовски-Борче„
8. Штабески Тодор-СОУ „Наум Наумовски-Борче„
9. Роберт Мојаноски-СОУ “Наум Наумовски-Борче”
10. Наумоски Боше-ЈП „Комуна“
11. Јанкулоски Коле-ЈП „Комуна“
12. Перо Талески-ЈП „Комуна“
13. Јани Стојкоски-ЈП „Комуна“
14. Атанасоски Спиро-ЈП „Комуна“
15. Кире Аврамоски-ЕЛС - Општина Кеушево
16. Велко Дамчески-ЕЛС - Општина Кеушево
17. Никола Пејчиноски-ЕЛС - Општина Кеушево

18. Пеце Аџиоски-ОУ „Св.Кирил и Методиј„ с.Бучин;
19. Спирче Јанкоски-ОУ „Св.Кирил и Методиј“ с.Бучин;
20. Богоја Милошоски-ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Бучин;
21. Цане Солески-Бучин ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Бучин
22. Аркин Назифоски-Пресил - ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Бучин;
23. Киро Ѓорѓиоски-Свето Митрани - ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Бучин;
24. Кирче Ристески- ОУ „Св.Кирил и Методиј“ Бучин
25. Менан Ферити-ОУ „Никола Карев-Алданци;
26. Џевдет Исљами-ОУ „Никола Карев„ - Норово;
27. Севим Ајроски-ОУ „Никола Карев“ - Белушино;
28. Џибо Љаиќ-ОУ „Никола Карев„ - Борино;
29. Алисулејман Рафитоски- ОУ „Никола Карев“ - Саждево;
30. Благоја Дивјакоски- ОУ „Никола Карев“ - Врбоец.
31. Благица Јанкулоска-Здравствен Дом Крушево;
32. Перо Куртески-Здравствен Дом Крушево;

2.Со Универзалната Единица за заштита и спасување командува Општинскиот штаб за заштита и спасување;

3.Универзалната Единица за заштита и спасување директно на терен преку својот персонален состав се грижи за отстранување на последиците од настанатите природни непогоди, епидемии, епизотии и други несреќи, во областа на гасење пожари, снежни наноси, поплави, спасување на луѓе и имот, расчистување на локални патишта, улици и инфраструктурни објекти, лизгање на земјишта, наноси од земја и слично.

4.На лицата во составот на Универзалната Единица за заштита и спасување кои учествуваат во активностите им следува финансиски надомест кој го определува Општиснкиот штаб за заштита и спасување.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-499/4 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-849/1 од 22.10.2013 година од Кондовски Ставрули од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет иљјади)** денари по барање бр.07-849/1 од 22.10.2013 година од Кондовски Ставрули од Крушево, со ЕМБГ 0303986440022.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200002588620853, депонент Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.07-499/5 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007), а по барање од НВО Центар за Хумани односи Крушево бр.03-4/1 од 04.04.2014 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.06.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево е Согласен фудбалската школа во рамките на НВО Центар за хумани односи Крушево да ја користи соблекувалната во Спортската сала „Ѓорги Стојанов” Крушево;

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.07-499/6 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.глансик на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

***З А К Л У Ч О К***
***за сечење на дрво кај градски Гробишта во Крушево***

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност за сечење на едно стебло кај градските гробишта во Крушево.

2. Сечењето на стеблото да се изврши во согласност со законот, под надзор на стручни лица од ЈП „Липа" Крушево во соработка со ЕВН-Македонија од страна на ЈП „Комуна" Крушево.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-499/7 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-426/1-1 од 24.04.2014 година од Манастирот Св.Василие од Трстеник Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 3.000,00 (три илјади)** денари по барање бр.07-426/1-1 од 24.04.2014 година од Манастир Св.Василие од Трстеник Крушево;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.200000723078053, депонент Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-499/8 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), а по барање од Манастир Св.Василие од Трстеник-Крушево бр.07-426/1 од 24.04.2014 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.06.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево на Манстирот Св.Василие Трстени-Крушево му доделува 30 м2. коцки, кои се извадени од улиците во градот;

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-499/9 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-282/1 од 12.03.2014 година од Агапи Чункоска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 10.000,00 (десет илјади)** денари по барање бр.07-282/1 од 12.03.2014 година од Агапи Чункоска од Крушево, со ЕМБГ 1110966448028.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр. 240207012317132 во УНИ Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-499/10 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), а по Барање бр.03-24 од 20.05.2014 година од Домот на култура „Наум Наумовски-Борче" Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДБИВА** барањето од Домот на култура „Наум Наумовски-Борче" Крушево за доделување на финансиски средства за уредување на влезната парцела пред Домот;

2.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-499/11 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), а по барање од Група граѓани од Крушево бр.07-501/1 од 03.06.2014 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.06.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност за спроведување на улично осветлување за месноста Трстеник-Опаленик Крушево;

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-499/12 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М." бр.23/2013 и 12/2014), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за давање Согласност на Статутот на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево***

1. Советот на Општина Крушево дава согласност на Статутот на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево бр.01-27/1 од 27.02.2014 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-499/13 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на Р.М." бр.23/2013 и 12/2014), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 став 1 точка 7, член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.06.2014 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за давање Согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево***

1. Советот на Општина Крушево дава согласност на Правилникот за организација и систематизација на рабоните места и работите и работните задачи на вработените во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево бр.01-36/4 од 31.03.2014 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-499/14 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12 и 119/13) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.06.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2013 година***

1. Советот на Општина Крушево, ја усвојува Годишната сметка на ЈП "Комуна" Крушево за 2013 година, бр.01-29/1 од 25.02.2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.07-499/15 од 09.06.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.

1.Заклучок за објавување на актите донесени на деветнаесеттата седница на Советот на Општина Крушево ........................................ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 18-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1
3. Решение за формирање на Универзална единица за заштита и спасување на Општина Крушево ......................................................... 1
4. Решение за исплата на финансиски средства по барање на Кондовски Ставрули од Крушево .................................................. 2
5. Заклучок по барање од НВО Центар за хумани односи Крушево ............................... 2
6. Заклучо за сечење на дрво кај градските гробишта во Крушево ......................................
7. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Манастир Св.Василие од Трстеник Крушево .................................... 3
8. Заклучок по барање од Манастир Св.Василие од Трстеник Крушево ................ 3
9. Решение за исплата на финансиски средства на Агапи Чункоска од Крушево .. 3
10. Решение за одбивање на барање од Дом на култура „Наум Наѕмовски-Борче" од Крушево ......................................................... 3
11. Заклучок за спороведување на улично осветлување на м.в. „Трстеник" Крушево ... 4
12. Заклучок за давање Согласност на Статутот на Општина Крушево .................. 4
13. Заклучок за давање Согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево ................. 4
14. Заклучок за усвојување на годишната сметка на ЈП „Комуна" Крушево за 2013 година................................................................ 5

Редакциски одбор на Општина Крушево.